интерпромет
а. д.
Бр. 0201-444/1
10.06. 2022 год.
ТЕТОВО

Врз основа на член 383 од Законот за трговските друштва и член 20, 29, 80 и 81 од Статутот на ИНТЕРПРОМЕТ Акционерско друштво за промет на стоки и услуги на големо и мало-Тетово, со седиште на ул. Илинденска бр. 18-а, Тетово, ЕМБС 4057783 и ЕДБ 4028974115871 – пречистен текст на Статутот заведен во Друштвото под број 0101-453/1 од 15.09.2021 година, како и во согласност со одредбите од Планот за поделба на друштвото усвоен со одлука на управниот одбор за усвојување на план за поделба на ИНТЕРПРОМЕТ АД Тетово со издвојување со основање на ново трговско друштво од ден 08.02.2022 година, заведена во друштвото под архивски број 0202-43/1 од 08.02.2022 година и изготвен во форма на нотарски акт број ОДУ 57/2022 од ден 18.02.2022 година на нотар Нита Џафери-Исени од Тетово, Собранието на акционери на ИНТЕРПРОМЕТ АД Тетово, на седницата одржана на ден 10.06.2022 година во Тетово, ја донесе следната:

# О Д Л У К А
## За усвојување на Извештајот од овластен ревизор за ревизија на Планот за поделба на ИНТЕРПРОМЕТ АД Тетово

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот на овластениот ревизор Друштво за ревизија БЕНД РЕВИЗИЈА И КОНСАЛТИНГ ДОО-Тетово за ревизија на Планот за поделба на ИНТЕРПРОМЕТ АД Тетово со издвојување со основање на ново трговско друштво, изготвен во форма на нотарски акт број ОДУ 57/2022 од ден 18.02.2022 година на нотар Нита Џафери-Исени од Тетово (Извештај за ангажман за разумно уверување за усогласеноста на Планот за поделба на ИНТЕРПРОМЕТ Акционерско друштво за промет на стоки и услуги на големо и мало Тетово, по ОДУ бр. 57/2022 од 18.08.2022 согласно со член 525 од ЗТД).

**Член 2**

Оваа одлука стапува во сила со денот на нејзиното донесување.

**О б р а з л о ж е н и е**

Од страна на надзорниот одбор на ИНТЕРПРОМЕТ АД Тетово, донесена е одлука број 0203-35/1 од ден 04.02.2022 година, со која е дадено претходно одобрение и е задолжен управниот одбор на друштвото да пристапи кон преземање на дејствија за поделба на друштвото со издвојување со основање на ново трговско друштво, како и да донесе соодветен План за поделба.

Од страна на управниот одбор на ИНТЕРПРОМЕТ АД Тетово, донесена е одлука за усвојување на план за поделба на ИНТЕРПРОМЕТ АД Тетово со издвојување со основање на ново трговско друштво од ден 08.02.2022 година, заведена во друштвото под архивски број 0202-43/1 од 08.02.2022 година. Воедно, изготвен е План за поделба на ИНТЕРПРОМЕТ АД Тетово со издвојување со основање на ново трговско друштво во форма на нотарски акт број ОДУ 57/2022 од ден 18.02.2022 година на нотар Нита Џафери-Исени од Тетово.

Во согласност со член 525 од Законот за трговските друштва и член 29 од Планот за поделба на ИНТЕРПРОМЕТ АД Тетово, Планот за поделба, пред неговото потврдување од страна на

собранието на акционери, задолжително е да биде предмет на ревизија од страна на овластен ревизор определен од страна на управниот одбор на друштвото.
Од страна на назначениот ревизор Друштво за ревизија БЕНД РЕВИЗИЈА И КОНСАЛТИНГ ДОО-Тетово, изготвен е извештај за ревизија на Планот за поделба на ИНТЕРПРОМЕТ АД Тетово со издвојување со основање на ново трговско друштво. Во рамките на Извештајот е дадено мислење од ревизорот дека индексот на размената на уделите е праведен и разумен.

Извештајот е навремено овозможен за увид од страна на акционерите во согласност со членот 527 од Законот за трговски друштва и членот 31 од Планот за поделба.

Собранието на акционери ја прифати и усвои содржината на Извештајот на овластениот ревизор, па одлучи како во диспозитивот од оваа Одлука.

**Собрание на акционери на ИНТЕРПРОМЕТ АД Тетово**
**Претседавач:**

______________________________

интерпромет а.д. ТЕТОВО 1